# Џемо Хаса крај Даме - резил невиден!

**Семејството на народниот херој Чеде Филиповски-Даме, вчера испрати писмо до „Шпиц“, во кое остро реагира поради намерата, до неговата, да се постави биста на антихеројот од НОБ, балистот Џемо**



Дали ваков споменик ќе се најде и во Гостивар ▲

Најозлогласениот командант на балистите од времето на Втората светска војна, крвникот кој убивал и Македонци и Албанци за да соработува со фашистичкиот окупатор и да добива месечна плата од 50.000 леки, Џемо Хаса од Симница, ќе се најде на плоштадот во Гостивар, рамо до рамо со народниот херој Чеде Филиповски-Даме, кој се борел за доброто на македонскиот народ против фашистите.

Партијата на Имер Селмани, Нова демократија планира да достави предлог до општинските власти во Гостивар, со кој бара Џемо, водач на профашистичката „Бали Комбетар“, да биде до Даме. Семејството на народниот херој вчера испрати писмо до „Шпиц“, во кое остро реагира поради дрскоста и навредата на македонската држава, која ја прави Нова демократија со тоа што сака на едно место да стојат бистата на Чеде Филиповски-Даме и на антихеројот од НОБ, балистот Џемо Хаса.

„Дали треба да ги славиме и да ги почитуваме хероите од НОБ или осудениот од цел свет, фашистот и неговите слуги? Ние, како фамилија, апелираме да се спречи подршката на ваквата невидена дрскост и навреда за да се избрише срамот кој ќе падне врз грбот на власта“, пишува братот на херојот Чеде Филиповски-Даме, Ацо Филиповски, академски уметник.

Тој апелира до гостиварци да не дозволат да им се згази гордоста со ваквото узурпирање на заслугите на хероите во Македонија.

Од партијата на Имер Селмани излегоа со поинаква верзија на историјата. Иако Селмани за „Шпиц“ вели дека не е најупатен во ситуацијата, сепак претседателот на огранокот на НД во Гостивар, Љавдим Велиу, кој е иницијатор на проектот, ја брани идејата за поставување споменик.

- Штом се градат споменици на комунизмот, зошто да не се изгради и споменик на Џемо Хаса, кој не бил фашист, туку се борел за правата на сите граѓани во овој регион - објаснува Велиу.

Споменик на Џемо Хаса веќе има изградено во неговото родно село, гостиварско Симница. Од општината Гостивар, вчера, поради тоа што градоначалникот Руфи Османи бил на службено патување во странство, не сакаа да коментираат, но не информираа дека сè уште ништо службено не пристигнато до општинската администрација. Вчера немаше коментари од владејачката ВМРО-ДПМНЕ и од опозициската СДСМ.

## Петровски: Груевски ги провоцира радикалите

Остра осуда за ваквата идеја дојде и од партијата на Љубе Бошкоски, Обединети за Македонија, од каде што велат дека сево ова се случува поради насилната политика на Груевски и на ВМРО-ДПМНЕ.

- Она што го прави Груевски, со насилното поставување споменици, радикалите и екстремистите како антипод ќе го направат со градење споменици во Гостивар, Тетово, Чаир, па и во центарот на Скопје и никој нема да може да ги спречи да го сменат ликот на државата - вели потпретседателот на Обединети за Македонија, Филип Петровски.

*Петре Ристовски*